СУДСКО
МЕДИУМСКИ
СОВЕТ

*До*
*Маја Јовановска*
*новинарка*
*Редакција: Истражувачка репортерска лабораторија (ИРЛ)*

Почитувана,

Ви доставуваме одговор на Барање за советодавно мислење доставено до меил адресата на Судско-медиумскиот совет на 20.10.2023 година.

Во барањето детално опишавте дека во предметот П5 33/23 кој се води пред Основниот граѓански суд Скопје, јавноста била исклучена од главната расправа, како што наведувате, „без детално образложение“.

Судско-медиумскиот совет на седницата одржана на 26.10.2023 година расправаше за Вашето барање во рокот од 30 дена.

Како советодавно тело постојано укажуваме дека судовите треба да го почитуваат уставно-загарантираното начело на јавност во судските постапки, и процесните одредби пропишани во Законот за парнична постапка.

Во членот 293 ст.1 и 2 од Законот за парнична постпка е нормирано дека советот може да ја исклучи јавноста за целата главна расправа или за еден нејзин дел, ако тоа го бараат интересите за чувањето на службена, деловна или лична тајна, интересите на јавниот ред или причините на моралот. Советот може да ја исклучи јавноста и во случај кога со мерките за одржување на редот предвидени во ЗПП не би можело да се обезбеди непречено одржување на расправата.

За исклучувањето на јавноста одлучува судот треба да донесе решение кое мора да биде образложено и јавно објавено.

Исклучувањето на јавноста, според Законот за парнична постапка претставува суштествена повреда на постапката и може да биде предмет на жалба до повисокиот суд.

Судовите при исклучувањето на јавноста, пак, треба да го имаат предвид и интересот на јавноста, особено за случаи каде што постои висок јавен интерес и соодветно да го одмерат јавниот интерес и заштитата на човековите права.

Скопје, 01.11.2023

претседател на СМС

Васко Маглешов